Бр./Nr 12-3628/2

27-12-2021 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 57 седница одржана на 21.12.2021 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-3628/1 од 29.12.2021 година, против лицето -------------, поранешен декан на ---------------- при Државниот универзитет во ----------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност да постапува, бидејќи се работи за наводи од 2011- 2014 година, односно настаната е застареност. Понатаму, настаната е промена на фактичка состојба, односно службеното лице ---------- не ја извршува повеќе функцијата декан на ----------- при Државниот универзитет во -----------.

Предметот со број 12-3628/1 од 29.12.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 29.12.2021 година, поднесена е пријава против лицето -------------, поранешен декан на ------------ при Државниот универзитет во Тетово и оформен е предмет број 12-3628/1 од 29.12.2021 година.

Во пријавата, подносителот наведува дека предмет од 2014 година во која поранешниот декан на ----------- при Државниот универзитет во --------, ----------- се потпишал на индекс за период во кој не бил декан, до денес не е решен од моменталната ректорска управа.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот, активностите наведени во пријавата се однесуваат на 2011- 2014 година, за што не може да се преземат активности од страна на ДКСК заради застареност. Понатаму, настаната е

промена на фактичка состојба, односно службеното лице ------------ не ја извршува повеќе функцијата декан на ----------------- при Државниот универзитет во ----------.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска

Изготвил: С.М – виш соработник